Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 18.01. 2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот план на ОМУ "Ордан Михајлоски – Оцка" - Прилеп за 2008 година

1. Се усвојува Финансискиот план на ОМУ "Ордан Михајлоски – Оцка" - Прилеп за 2008 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџиј

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НАФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈОУ ДЕТСКА ГРАДИНКА "НАША ИДНИНА" – ПРИЛЕП, ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Финансискиот план на ЈОУ Детска градинка "Наша иднина" – Прилеп, за 2008 година , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 18.01. 2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот план на ЈОУ Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп за 2008 година

1. Се усвојува Финансискиот план на ЈОУ Детска градинка "Наша иднина"- Прилеп за 2008 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА ЗА 2008 ГОДИНА И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2008 ГОДИНА НА ЈОУ ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА "БОРКА ТАЛЕСКИ" – ПРИЛЕП**

1. Решението за усвојување на Програмата за реализација на дејноста за 2008 година и Финансискиот план за 2008 година на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 18.01. 2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Програмата за реализација на дејноста за 2008 год. и Финансискиот план на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп за 2008 година

1. Се усвојува Програмата за реализација на дејноста за 2008 година и Финансискиот план на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп за 2008 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ПРОФИЛОТ – ТУТУНСКИ ТЕХНИЧАР ВО СОУ "ОРДЕ ЧОПЕЛА" – ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за прифаќање на Барањето за обновување на профилот – тутунски техничар во СОУ "Орде Чопела" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 18.01.2008 година, претресувајќи го Барањето за обновување на профилот – тутунски техничар во СОУ "Орде Чопела" – Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за прифаќање на Барањето за обновување на профилот – тутунски техничар во СОУ "Орде Чопела" – Прилеп

1. Се прифаќа Барањето за обновување на профилот – тутунски техничар во СОУ "Орде Чопела" – Прилеп.

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/ 20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПАРКИРАЊЕ , ОРГАНИЗАЦИЈА, УРЕДУВАЊЕ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА, КАКО И БЛОКИРАЊЕ, ДЕБЛОКИРАЊЕ , ПРЕМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за условите и начинот на паркирање , организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, ккао и блокирање, деблокирање , преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.104 од Законот за јавните патишта ("Сл.весник на РМ"бр.26/96,40/99,96/00,29/02,68/04, 31/06, 30/07, 137/07) и чл.22, 24, и 36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), Законот за безбедност на сообраќајот („Сл.весник на РМ"бр.54/07) Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 18.01.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за условите и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, преместување и чување на возила на подрачјето на општина Прилеп**

И. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл.1

Со оваа одредба се одредуваат:

- Јавните паркиралишта (со наплата и бесплатни) на подрачјето на Општина Прилеп,
- Условите и начинот на наплата на надоместок за паркирање
- Висината на надоместокот за паркирање
- Условите и начинот на блокирање, деблокирање, преместување и чување на непрописно запрените и паркирани возила,
- Висината на трошоците за блокирање, отстранување и чување на непрописно паркираните возила

Чл.2

Површината за паркирање (во понатамошниот текст: јавна површина за паркирање) е дел од јавната сообраќајна површина, со која располага Општина Прилеп, а е наменет за паркирање на возила.

Јавниот паркинг простор мора да биде означен со соодветна сообраќајна сигнализација (сообраќаен знак), во согласност со прописите за безбедност на сообраќајот.

II. ЈАВНИ ПАРКИНГ ПОВРШИНИ – УРЕДУВАЊЕ, УСЛОВИ И НАЧИН НА НАПЛАТА

Чл.3

Во градот Прилеп се утврдуваат следните јавни површини за паркирање:

1.Паркиралиште кај ЦПРТВ Прилеп

2.Паркиралиште пред Општина Прилеп

3.Паркиралиште пред зградите „Табаана“

4.Паркиралиште на ул. Октомвриска (наспроти Солидност)

5.Паркиралиште пред болница „Борка Талески“

6.Паркиралиште пред зградите во населба „Точила I, II, III,

7.Паркиралиштепред зградите во населба Ѓогдере

8.Паркиралиште пред железничка станица

9.Паркиралиште кај Дом на АРМ и Македонски Телекомуникации

10.Паркиралиште пред зградите на ул. „Кеј 19-ти Септември“

11.Паркиралиште пред зградите на ул. „Рајко Жинзифов“

12.Паркиралиште кај градскиот пазар

13.Паркиралиште пред зградите на ул.„Димо Наредникот“

14.Паркиралиште на улица „Леце Котески“ од крстосница со ул.„Ленин“ до пред влезот во ГП „Прилепец“

14. Паркирање на тротоар на бул.„Гоце Делчев“-од двете страни на булеварот, од пресекот со ул.„Браќа Ламески“ до пресекот со ул.„Димо Наредникот“, (оставајќи слободни површини кај крстосниците согласно законските прописи.

1.Паркирање на тротоар на ул.„Прилепски Бранители“ од двете страни на улицата, од пресекот со бул.„Гоце Делчев“ до пресекот со ул.„Мице Козар“ (од десната страна) и до излезот од паркингот кај Дом на АРМ (од левата страна).

2.Паркирање на тротоар на ул.„Кеј 1-ви Мај“ од едната страна, од пресекот со ул.„Браќа Ламески“ до пресекот со ул.„Борка Талески“.

3.Зона на смирен сообраќај со дозволено паркирање со границите крстосница помеѓу ул.„Браќа Ламески“ и ул. „Илинденска“, ул. „Јане Сандански“ и „Браќа Ламески“, „Херој Карпош“ и „Браќа Ламески“, ул.„Кеј 1-ви Мај“ и „Браќа Ламески“, и крстосница „Кеј 1-ви Мај“ со „Кеј 1-ви Мај“ пред „Ла Костас“.

4.Паркинг простор на ул. „Републиканска“ позади зградите на бул.„Гоце Делчев“, на страната од зграда „Македонија“.

Член 4

Јавното паркиралиште може да биде со наплата или без наплата. Секое јавно паркиралиште од претходниот член мора да има осигурано одреден број на паркинг места за лица со посебни потреби, и тоа според важечките стандарди и нормативи.

Јавното паркиралиште на кое се врши наплата го одредува советот на Градот.

Надоместок за користење на паркинг место не плаќаат хендикепирани лица, доколку користат јавно паркинг место утврдено во член 15 од оваа Одлука.

Член 5

Организацијата и наплатата на јавните паркиралишта од член 3 од оваа одлука ќе ги врши по пат на делегирана надлежност ЈП за ПУП (во понатамошниот текст: Јавното претпријатие) основано од Советот, врз основа на склучен договор.

Висината на надоместокот за паркирање го утврдува Советот на Општината, по препорака на Јавното претпријатие.

Член 6

Паркирањето на јавното паркиралиште може да биде со ограничено или неограничено времетраење на паркирање, за сите, или за одделни видови на возила.

Член 7

Јавното паркиралиште со наплата мора да има ознака за работното време, допуштеното времетраење на паркирање, висината на надоместокот за паркирање, и ознака на возилата за кои е дозволено паркирање.

Член 8

За автобуси, товарни возила, приклучни возила, комбинирани возила и работни машини дозволено е паркирање исклучиво на местата определени за паркирање на тие видови на возила.

Местата наменети за паркирање на возила од став 1 од овој член ги утврдува Советот на Општината.

Член 9

За наплата на паркирање се користи паркинг билет.

Билетот за паркинг е исправа со која корисникот на јавното паркиралиште докажува дека платил соодветен надоместок и дека на јавното паркиралиште се задржува во рамките на допуштеното време.

Изгледот на билетот го одредува Јавното претпријатие.

Јавното претпријатие е должно да организира продажба на паркинг билети на достапен начин.

Корисникот на паркирање може, доколку е достапно да ја плати услугата за паркирање и по пат на мрежа на мобилна телефонија.

Член 10

Јавното претпријатие не одговара за штетите настанати врз возилата на јавните паркиралишта, како ни за нивното оттуѓување.

Член 11

Начинот на наплата на јавните паркиралишта се утврдува со општите услови кои ги донесува Советот на Општината, по предлог на Јавното претпријатие.

Член 12

На јавно паркиралиште од член 4 став 1, на барање на корисникот може да се даде на употреба резервирано паркинг место.

За резервираното паркинг место се плаќа надоместок.

На јавните паркиралишта бројот на резервирани паркинг места не смее да премине 25% од вкупниот број на паркинг места.

Член 13

Со корисникот на резервирано паркинг место Јавното претпријатие склучува договор за закуп во согласност со одредбите од оваа одлука.

Договорот за закуп се склучува за временски период од шест месеци до една година, со можност за продолжување.

Исклучително од одредбата од став 2 од овој член, заради промена на сообраќајните услови, договорот може да се раскине и пред истекот на рокот од една година, под услов на корисникот да му се обезбеди друго паркинг место во непосредна близина.

Член 14

1.Резервирано паркинг место може да се одобри за:

2.Министерство за внатрешни работи
3. Министерство за Одбрана
4. Инспекциско тело

физичко и правно лице

Член 15

На јавното паркиралиште со посебен знак за пристапност, посебно се означуваат паркинг местата резервирани за лицата со хендикеп.

Член 16

Корисниците на резервирани паркинг места од член 14 од точка 1 до точка 3 од оваа Одлука, плаќаат повластен надоместок за резервирано паркинг место.

Член 17

Локацијата и бројот на резервирани паркинг места за корисниците од член 14 од точка 1 до точка 3 од оваа Одлука, ги одредува Советот на Општината, по предлог на Јавното претпријатие.

Член 18

Резервираните паркинг места од член 14 став 1 од овој член се издаваат на употреба за временски период до една година.

Член 19

Резервираното паркинг место мора посебно да биде означено.

Член 20

Јавните паркиралишта од член 4, став 1 од оваа Одлука можат на основа на согласност од Советот на Општината, а по претходно прибавена согласност од МВР, да се користат за одржување на забавни и

спортски манифестации и слични активности.

Член 21

Наплатата на надоместокот за користење на паркинг простор, ќе ја врши Јавното претпријатие и собраните средства ќе ги уплаќа на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината, а начинот на уплаќање ќе се регулира со договорот чл.5 ст.1 од оваа одлука.

Средствата собрани со наплатата од паркирање се користат за одржување на постоечките и уредување на нови паркинг места, како и развој на дејноста на паркирањето, развој на сообраќајниот систем, и според барањата на основачот на претпријатието, т.е. Советот на Општина Прилеп, а се со цел подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните.

## III. ПАРКИРАЊЕ НА ВОЗИЛА ЗА ДОТУР НА СТОКА

Член 22

Со одлука на Советот на Општината се одредува просторот, времето, начинот и условите за паркирање на возила за дотур на стока, со претходно прибавена согласност од Министерство за внатрешни работи.

Член 23

Паркирање на возила заради дотур на стока е дозволено на просторот резервиран за возила за снабдување, кој мора да биде означен со сообраќаен знак и ознака на коловозот.

На сообраќајниот знак мора видливо да се истакне времето во кое е дозволен дотур на стока.

Член 24

Моторното возило со кое се врши дотур на стока може да биде со носивост до 5 тони.

Исклучително од одредбата од став 1 од овој член, во времето од 18-06 часот во летниот период и од 17 до 07 часот во зимскиот период, опслужувањето може да се врши со возила со носивост поголема од 5 тони.

Член 25

Моторните возила за дотур на стока може да се задржуваат на означените места само за време на извршувањето на дотурот, но не подолго од 60 минути.

Член 26

На јавна сообраќајна површина дозволено е одложување на стока, предмети и работи исклучиво во времето одредено за дотур.

## IV. ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА

Член 27

Возило кое е запрено или паркирано спротивно на одредбите на законот со кој се одредува безбедноста на сообраќајот на патиштата, ќе се премести на локација која за таа намена ќе ја одреди Советот на Општината, врз основа на налог на полициски службеник од МВР (во понатамошниот текст: полициски службеник).

Член 28

Трошоците за преместување на непрописно запрено или паркирано возило ги сноси сопственикот односно корисникот на возилото.

Член 29

Преместувањето и издавањето на непрописно запрените и паркираните возила го врши Јавното претпријатие.

Член 30

Висината на трошоците за преместување на непрописно запрени и паркирани возила ја утврдува ги одредува Советот на Општината, по предлог на Јавното претпријатие.

Член 31

Автобус, товарно возило, приклучно возило и работна машина паркиран на место кое не е наменето за паркирање на тоа возило ќе биде блокирано со направа за блокирање на тркалата, по налог на полициски службеник.

Член 32

Блокирањето и деблокирањето на возила од член 31 од оваа одлука го врши јавното претпријатие.

Член 33

Трошоците за блокирањето и деблокирањето од член 31 од оваа одлука ги подмирува сопственикот односно корисникот на возилото.

Висината на трошоците за блокирање и деблокирање ги утврдува Советот на Општината, по предлог на Јавното претпријатие.

Трошоците од став 1 се приход на јавното претпријатие.

На барање на корисникот на возилото Јавното претпријатие е должно да ја изврши деблокадата на возилото во што пократок рок, по претходно подмирување на трошоците од страна на сопственикот-корисникот на возилото.

По деблокирањето на возилото, сопственикот односно корисникот на возилото е должен веднаш да го отстрани возилото.

V. НАДЗОР

Член 34

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука извршува сектор Инспекторат.

Член 35

При извршувањето на надзорот од член 34 од оваа одлука сообраќајниот инспектор е овластен да:

- врши надзор над примената на оваа Одлука,
- да предложи барање за покренување на прекршочна постапка,
- да издаде прекршочен налог, и
- да наплати глоба од причинителот на прекршокот веднаш, на лице местото каде е извршен прекршокот

VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Со глоба во износ од 8000,00 денари ќе се казни правното лице ако:

- извршува снабдување со возило чија носивост е поголема од 5 тони (член.24 ст.1 од оваа Одлука)
- со возилото за снабдување се задржува на означеното место за време на истоварот и утоварот на стока, подолго од 60 минути (член 25 од оваа одлука)
- одлага стока, предмети и други работи од сите видови спротивно на одредбата од член 26 од одлуката

За прекршокот од став 1 од овој член со глоба во износ од 1600 ден. ќе се казни и физичко лице.

Член 37

За прекршоците пропишани со одредбите од член 36 од оваа Одлука, комуналниот инспектор е овластен, да наплати глоба во висина од 1600 ден. од причинителот на прекршокот веднаш, без издавање налог за прекршок, со издавање на потврда, на сторителот на прекршокот за наплатената глоба и тоа кога ќе утврди постоење на со законот пропишани услови за издавање на прекршочен налог.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Со денот на стапување на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за уредување начинот на користење на јавниот простор за паркирање на територијата на Општина Прилеп („Службен гласник на Општина Прилеп“ бр.07-852/6 од 18.05.2001 год.)

Член 39

Оваа одлука стапува на сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 07 140/21
18.01.2008 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ЈКП “КОМУНАЛЕЦ” – ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА

1. Решението за усвојување на Оперативниот план на ЈКП “Комуналец” – Прилеп за 2008 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 157/21
22.01.2008 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 18.01.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2008 година

1. Се усвојува Оперативниот План на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2008 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ДООЕЛ "ТЕРМИНАЛ - КОМУНАЛЕЦ" – ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Оперативниот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" – Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 18.01.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Оперативниот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" Прилеп за 2008 година

1. Се усвојува Оперативниот План на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2008 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСОВИОТ ПЛАН НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" – ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 18.01.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот План на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2008 година

1. Се усвојува Финансискиот План на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2008 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/ 24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год.на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСОВИОТ ПЛАН НА ДООЕЛ "ТЕРМИНАЛ - КОМУНАЛЕЦ" – ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Финансовиот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" – Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 18.01.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот План на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2008 година

1. Се усвојува Финансискиот План на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2008 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 140/ 25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.01.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ – ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 157/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.01.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002 , како и чл.43 од Сатутот на ЕЛС-Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 18.01.2008 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
За измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 г.

чл.1
Со оваа Одлука се врши измена и дополнувања-проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 г. и тоа на следниот начин :

| **Се зголемуваат приходите на следните Поставки** | | **Буџет** | **Самофинанс.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто | Описн на Конто | | | | | |
| | | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на приход од претх. год. | **55.746.215** | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на приход од претх. год. | | **3.252.048** | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на приход од претх. год. | | | | **2.795.419** | |
| | **В К У П Н О** | **55.746.215** | **3.252.048** | | **2.795.419** | |

| **Се зголемуваат расходите на следните ПОДПРОГРАМИ** | | | **Буџет** | **Самофинанс.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто | | | | | | | |
| | ПРОГРАМИ | Опис на Конто | | | | | |
| | **А0-Совет на Општина** | | | | | | |
| 481130 | А0 | Субвенции за јавни комунални програми | 8.500.000 | | | | |
| 481230 | А0 | Реконструкција на деловни објекти | 30.000.000 | | | | |
| | **D0-Градоначалник** | | | | | | |
| 420210 | D0 | Патување во странство-хранарина | 70.000 | | | | |
| 420220 | D0 | Патување во странство-патни расходи | 110.000 | | | | |
| 420230 | D0 | Патување во странство-сметсување | 20.000 | | | | |
| 483310 | D0 | Купување на моторни воила | 700.000 | | | | |
| | **Е0-Општинска администрација** | | | | | | |
| 423110 | Е0 | Канцелариски материјали | 46.715 | | | | |
| 426990 | Е0 | Други оперативни расходи | 800.000 | | | | |
| 483110 | Е0 | Купување на канцелариски мебел | 100.000 | | | | |
| 483240 | Е0 | Купување на информатичка и видео опрема | 100.000 | | | | |
| 485230 | Е0 | Компјутерски софтвер | 250.000 | | | | |
| | **Ј8-Други комунални услуги** | | | | | | |
| 482930 | Ј8 | Реконструкција на други Објекти | 2.500.000 | | | | |
| | **ЈD-Изградба и реконструкција** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **на локални патиишта и улици** | | | | | | |
| 482120 | JD | Изградба на улици , патишта и автопати | 1.000.000 | | | | |
| | JG-**Изградба ба системи за водоснабдување** | | | | | | |
| 482720 | JG | Изградба на капацитети за водоснабду. | 800.000 | | | | |
| | K1-**Билиотекартсво** | | | | | | |
| 421240 | K1 | Течни горива | | 10.000 | | 150.000 | |
| 423120 | K1 | Списанија ,весници и др. изданија | | 100.000 | | 150.000 | |
| 424210 | K1 | Одржување на згради | | | | 90.000 | |
| 424430 | K1 | Поправки и одржување на опрема | | 14.981 | | | |
| 425990 | K1 | Други договорни услуги | | 30.000 | | | |
| 426990 | K1 | Други оперативни расходи | | 10.000 | | 32.153 | |
| | K4-**Културни манифестации И творештво** | | | | | | |
| 464990 | K4 | Други трансфери | 270.000 | | | | |
| | L0-**Спорт и рекреација** | | | | | | |
| 482920 | L0 | Изградба на други објекти | 5.829.500 | | | | |
| | M1-**Детски градинки** | | | | | | |
| 401130 | M1 | Основни палти-други вработени | | | | 28.000 | |
| 402110 | M1 | Основни придонеси за ПИО | | | | 13.499 | |
| 421110 | M1 | Електрична енергија | | 85.000 | | | |
| 421120 | M1 | Водовод И канализација | | 130.000 | | | |
| 421240 | M1 | Течни горива | | | | 282.856 | |
| 421320 | M1 | Телефон и телефакс | | 30.000 | | | |
| 423410 | M1 | Прехрамбени продукти и пијалаци | | 356.012 | | | |
| | M2-**Домови за стари лица** | | | | | | |
| 425510 | M2 | Лекови | | 230.456 | | | |
| | N1-**Основно образование** | | | | | | |
| 401130 | N1 | Основни плати-други вработени | | | | 267.000 | |
| 402110 | N1 | Основни придонеси за ПИО | | | | 112.000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 403110 | N1 | Придонес за водоснабдување | | | | 1.628 | |
| 420110 | N1 | Патување во земјата-хранарина | | 20.000 | | | |
| 420120 | N1 | Патување во земјата-патни расходи | | 16.000 | | | |
| 420130 | N1 | Патување во земјата-сметстување | | 6.000 | | | |
| 421110 | N1 | Електрична енергија | | 18.000 | | | |
| 421120 | N1 | Водовод и канализација | | 6.000 | | | |
| 421130 | N1 | Ѓубретарина | | 6.000 | | | |
| 421240 | N1 | Течни горива | | | | 1.152.920 | |
| 421310 | N1 | Пошта | | 2.000 | | | |
| 421320 | N1 | Телефон и Телефакс | | 20.000 | | | |
| 421410 | N1 | Горива и масла (моторни возила) | | 5.000 | | | |
| 423110 | N1 | Канцелариски материјали | | 17.000 | | | |
| 423120 | N1 | Списанија , весници и др.изданија | | 116.026 | | | |
| 423190 | N1 | Други административни материјали | | 15.000 | | | |
| 423310 | N1 | Униформи | | 37.750 | | | |
| 423320 | N1 | Обувки | | 2.000 | | | |
| 423410 | N1 | Прехрамбени продукти и пијалаци | | 45.000 | | | |
| 423710 | N1 | Средства за одржување на хигеена | | 10.000 | | | |
| 423720 | N1 | Ситен инвентар , алат и др. материјали | | 93.691 | | | |
| 423990 | N1 | Други матерјали | | 10.302 | | | |
| 424210 | N1 | Одржување на згради | | 41.800 | | | |
| 424410 | N1 | Поправки и одржување на мебел | | 10.000 | | | |
| 424430 | N1 | Поправки и одржување | | 10.000 | | | |
| 425130 | N1 | Изнајмување на друг тип на простор | | 23.000 | | | |
| 425210 | N1 | Провизија за платен промет | | 3.000 | | | |
| 425760 | N1 | Превозни услуги во образованието | | 53.136 | | | |
| 425790 | N1 | Други образовни услуги | | 131.181 | | | |
| 425920 | N1 | Услуги за копирање , печатење и изда. | | 16.000 | | | |
| 425990 | N1 | Други договорни услуги | | 30.902 | | | |
| 482720 | N1 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 200.000 | | | | |
| 482930 | N1 | Реконструкција на други објекти | 3.950.000 | | | | |
| 483110 | N1 | Купување на канцелариски мебел | | 10.000 | | | |
| 483120 | N1 | Купување на училишен мебел | | 300.000 | | | |
| 483260 | N1 | Купување на опрема за климатизација | | 51.313 | | | |
| 483290 | N1 | Купување на друга опрема | 150.000 | | | | |
| | N2-**Средно образование** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401130 | N2 | Основни плати-други вработени | | | | 116.500 | |
| 402110 | N2 | Основни придонеси за ПИО | | | | 49.000 | |
| 403110 | N2 | Придонес за водоснабдување | | | | 1.060 | |
| 420110 | N2 | Патување во земјата -хранарина | | 30.000 | | | |
| 420120 | N2 | Патување во земјата-патни расходи | | 30.000 | | | |
| 420130 | N2 | Патување во земјата сместување | | 30.000 | | | |
| 421240 | N2 | Течни горива | | | | 348.803 | |
| 423110 | N2 | Канцелариски материјали | | 20.000 | | | |
| 423710 | N2 | Средства за одржување на хигиена | | 20.000 | | | |
| 423720 | N2 | Ситен инвентар , алат и др. материјал | | 5.000 | | | |
| 423990 | N2 | Други материјали | | 220.000 | | | |
| 424210 | N2 | Одржување на згради | | 199.465 | | | |
| 424430 | N2 | Поправки и одржување на опрема | | 12.000 | | | |
| 425790 | N2 | Други образовни услоги | | 87.174 | | | |
| 425990 | N2 | Други договорни услуги | | 245.000 | | | |
| 426210 | N2 | Расходи за репрезентација | | 30.709 | | | |
| 426990 | N2 | Други оперативни расходи | | 50.274 | | | |
| 482920 | N2 | Изградба на други објекти | 300.000 | 149.867 | | | |
| | W0- **Противпожарна заштита** | | | | | | |
| 423410 | W0 | Прехрамбени продукти и пијалоци | 50.000 | | | | |
| | | **В К У П Н О** | **55.746.215** | **3.252.048** | | **2.795.419** | |

чл. 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 г. , а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 140/26
18.01.2008 година
Прилеп

Совет на Општина Прилеп
Претседател
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА КВАРТАЛ ЧЕТВРТ ВО 2007 ГОДИНА**

1. Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за квартал четврт во 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 157/26
22.01.2008 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

***С О Д Р Ж И Н А***

*на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
*број 2 од 22.01.2008 година*


1. Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2008 година.
2. Програма за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина прилеп за 2008 година. 1. ........................................................................................**Стр.1**
3. Решение за усвојување на Годишниот оперативен план за работа – планирани активности во 2008 година на ЈП за просторни и урбанистички планови – Прилеп.
4. Решение за усвојување на Финансовиот план и Инвестиционата Програма на ЈКП "Пазари" – Прилеп за 2008 година.
5. Програма за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2008 година.
6. Решение за усвојување на Програмата за работа и развој, Финансискиот план и Инвестиционата програма на ЈКП "Водовд и канализација" – Прилеп за 2008 година.
7. Решение за усвојување на Финансискиот план на СОУ "Орде Чопела" – Прилеп, за 2008 година.
8. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Блаже Конески" Прилеп, за 2008 година.
9. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Гоце Делчев" - Прилеп, за 2008 година.
10. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Климент Охридски" - Прилеп, за 2008 година.
11. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Рампо Левката" - Прилеп, за 2008 година.
12. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Добре Јованоски" - Прилеп, за 2008 година.
13. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Страшо Пинџур" с. Мало Коњари, за 2008 година.
14. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Кирил и Методиј" с. Канатларци, за 2008 година.
15. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОУ "Круме Волнароски" с. Тополчани, за 2008 година.
16. Решение за усвојување на Финансискиот план на ОМУ "Ордан Михајлоски – Оцка" - Прилеп, за 2008 година.
17. Решение за усвојување на Финансискиот план на ЈОУ Детска градинка "Наша иднина" – Прилеп, за 2008 година.
18. Решение за усвојување на Програмата за реализација на дејноста за 2008 година и Финансискиот план за 2008 година на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески" – Прилеп.
19.Заклучок за прифаќање на Барањето за обновување на профилот – тутунски техничар во СОУ "Орде Чопела" – Прилеп.
20. Одлука за условите и начинот на паркирање , организација, уредување И начин на наплата на јавните паркиралишта, ккао и блокирање, деблокирање , преместување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп.
21. Решение за усвојување на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2008 година.
22. Решение за усвојување на Оперативниот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" – Прилеп за 2008 година.
23. Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈКП "Комуналец" – Прилеп за 2008 година
24. Решение за усвојување на Финансовиот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" – Прилеп за 2008 година.
25. Одлука за измена и дополнување – проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година.
26. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за квартал четврт во 2007 година,


ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.